Врз основа на член 52, став (2) алинеја 5, член 90, став (1), точка 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 23, став 1, алинјеи 1 и 4, и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 5/2025**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Сверна Македонија, во Одборот за евалуација на високото образование:

- **1 (едно) лице од редот на студентите**.

*Услови за избор:*

- да е **редовен студент** на Европскиот Универзитет во Скопје**.**

*Кандидатите поднесуваат:*

- пријава по огласот;
- кратка биографија (CV)
- пополнет образец за податоци (достапен на веб страницата на УКИМ http://www.ukim.edu.mk/ во линкот „ИКРСМ).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае **8 работни дена**, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: rpavlova@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија**